РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 25 – 85/ 2
31.05.2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 24 став (4) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/06, 63/07, 24/11, 51/11и 148/11) и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност („Службен весник на Република Македонија" бр.157/07) , постапувајќи по барањето на Правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи „ТЦИ ЕуроЦерт" ДОО Скопје бр. 25 - 85/1 од 08.05.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за овластување за вршење на оцена на сообразност

1. СЕ ОВЛАСТУВА Правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи „ТЦИ ЕуроЦерт" ДОО Скопје, за вршење на повторна оцена на сообразност на пренослива опрема под притисок и периодична инспекција на производи (Модул 1), за сите видови садови и сите видови резервоари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 24 ставови 1 и 22 од Законот за безбедност на производите.

3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

## О б р а з л о ж е н и е

Правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи „ТЦИ ЕуроЦерт" ДОО Скопје, до Министерството за економија поднесе барање со бр. 25-85/1 од 08.05.2012 година, за донесување на Решение за овластување за вршење на повторна оцена на сообразност на пренослива опрема под притисок – периодична инспекција на производи (Модул I), за сите видови садови и сите видови резервоари, согласно Правилникот за пренослива опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија" бр.17/07, 122/09, 99/10 и 113/11). Со барањето доставена е следната документација: Решение за упис во Централниот регистар на Република Македонија, доказ за техничка опременост (Листа на мерни уреди), Полиса за осигурување од професионална одговорност од „Национална групација за осигурување" - Експозитура Аеродром - Скопје, Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија, докази за вработениот стручен кадар: Самарџиоски Златко, Станковски Сашо, Поцев Никола и Трајаноски Илчо (дипломирани машински инжинери), и копија од Сертификатот за акредитација и Прилог кон Сертификатот со Бр.ИТ – 024, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија на 19.04.2012 година.

Согласно доставената документација се одлучи како во Диспозитивот на Решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**МИНИСТЕР,**

**Valon Saraqini**

ДОСТАВЕНО ДО :
- подносител на барањето
- ДИТГИ
- ДПИ
- ИАРМ
- архива